РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр./Nr. 04-4027/7

15-04-2022 20 год./viti

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019,14/2020 и 215/2021), државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2022 за унапредување на административен службеник во Министерстото за образование и наука**

1. Кандидатот **Сељатин Бељули**, по пат на интерен оглас број 01/2022 се избира за работно место **УПР0101Б02000, Раководител на сектор за стратешко планирање и анализа за креирање на политики** - 1 извршител
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2022 со архивски број 04-4027/6 од 14.04.2022 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-2345/2 од 17.03.2022 година, државниот секретар во Министерството за образование и наука упати барање со архивски број 04-4026/1 од 30.03.2022 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука. Оделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2022 со архивски бр. 04-4027/1 од 30.03.2022 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за образование и наука, на ден 04.04.2022 година на веб страницата на Министерството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на државниот секретар во Министерството за образование и наука со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-4432/1 од 07.04.2022 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата

состави Записник од административната селекција за интерен оглас за број 01/2022 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-4027/3 од 14.04.2022 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-4027/4 од 14.04.2022 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2022 со архивски број 04-4027/6 од 14.04.2022 година. Врз основа на ранг листа државниот секретар на Министерството за образование и наука донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива
Изготвил: Фиген Сулејман Бислим
Одобрил: Александра Хашимбеговиќ
Согласен: Маја Бичиклиска